# Постапка на јавна расправа

Јавната расправа е идентификувана како една од трите добри практики кои телата за стандардизација треба да ги спроведуваат. Запазувајќи го принципот на отвореност и транспарентност, учество на секоја заинтересирана страна во процесот на изработка на стандардите и стандардизациските документи, Институтот за стандардизација (ИСРМ) има обврска да спроведува постапка на јавна раправа. Самата расправа се спроведува односно состои од интегриран процес во кој се опфатени два аспекта на делување на заинтересираните страни. Еден аспект, кој се однесува на јавното делување, земајќи го во предвид интересот на секоја заинтересирана страна да учествува со свои коментари кон содржината на нацрт стандардите и вториот аспект, се одлуките кои се носат на предлог на заинтересирани страни - членки во Технички комитети, во рамките на Националните тела за стандардизација делувајќи по претходно поднесените коментари.

Овој процес е клучот во изработка на широко применливи стандарди, стандарди изградени на консензус и стандарди со кои се унапредува квалитетот на производите, постапките и услугите, квалитетот на животот и здравјето на луѓето, безбедноста на имотот и заштита на животната средина и природата.




**Патоказ на Постапката на јавна расправа**

### Систем за гласање и поднесување на коментари

Имајки го во предвид горенаведеното ИСРМ преку својата интернет страна воведе нова услуга за своите корисници, можност за увид и читање на содржината на нацрт стандардите, гласање и поднесување на коментари. Овој систем на учество во стандардизациските активности пред се е наменет за малите и средни претпријатија (МСП) со што се потикнуваат истите преку користење на оваа услуга полесно и проактивно да учествуваат во процесот на изработка на стандардите, нивна поголема информираност и јакнење на свеста. Од друга страна системот му овозможува на Институтот докажано и целосно функционално решение во менаџирање на јавната расправа, преку намалување на административните процедури, систематско пратење на поднесените коментари и нивна понатамошна ефективна разработка во рамките на ИСРМ Техничките Комитети (ТК).

Главната улога во процесот на јавна расправа треба да го имаат заинтересираните страни кои не се вклучени во работата на ИСРМ Техничките комитети (ИСРМ ТК). Поднесените коментари од овие заинтересирани страни потоа по истекот на рокот за гласање и поднесување на коментари се препраќаат за разгледување и одлучување до заинтересираните страни - членки во ИСРМ ТК.

© ИСРМ , Сите права задржани, Издание 1, 2014-11-17

**Притоа целта на јавната расправа е учество во фазата кога соодветниот проект е во процес на изработка, односно се уште е предмет на промена и истиот се доставува за преиспитување и коментари.** Оттука достапноста за увид и читање на содржината на македонските нацрт стандарди ќе се однесува само на превземени европски и/или меѓународни проекти кои се во реална фаза на јавна расправа како на европско така и на меѓународно ниво. Овие проекти се препознатливи со латиничниот азбучен дел на ознаките “**pr**EN“, “ISO/**DIS“**, “ISO/IEC/**DIS“**.

**Коментарите дадени за овие проекти мора да бидат поднесени на англиски јазик**.

Нормално јавна расправа се спроведува и за национални изворни македонски проекти, како и за проекти кои претставуваат превод на соодветени странски (европски, меѓународен и/или друг национален стандард) стандарди. Со ова ИСРМ ја прави јавно достапна содржината на нацрт македонскиот проект како на национално ниво така и на ниво достапно за сите граѓани на Европската унија и пошироко.

Не ретко заедно со овие проекти има и проекти кои се однесуваат на превземени публикувани европски или меѓународни стандарди кои претставуваат таканаречен “готов производ“, и за кои јавната расправа во овој случај се спроведува како известување до корисниците (заинтересираните страни), за нивна скорешна достапност како македонски стандарди. Најчесто овие проекти ќе бидат поврзувани со меѓународните стандарди (ISO, IEC, ETSI), кои овозможуваат нивно усвојување со одредена модификација на основниот текст, и како такви се предмет на коментари и мислења.

**Публикуваните европски стандарди кои ќе бидат предмет на јавна расправа не подлежат на измени и истите мора да се прифатат како македонски без било какви модификации. Текстот на овие документи не е достапен за увид преку системот за гласање и поднесување на коментари, за време на јавната расправа.**

**Регистрација на корисник (Мој профил)**

Секој корисник мора да се регистрира во системот на ИСРМ, како би можел да има увид во содржината на нацртите и можност за поднесување коментари. За ова е потребна регистрација преку делот кој се нарекува **“Мој профил“.** При регистрацијата во зависност од типот на корисникот покрај основните податоци потребно е да се наведе на која категорија и големина на корисник припаѓа соодветната заинтересирана страна, како би можел ИСРМ да има евиденција и следливост на учеството во стандардизациските активности. Воедно ИСРМ ја гарантира тајноста и сигурноста на основните податоци и се обврзува дека истите нема да ги направи достапни на трети лица. Покрај ова од секој корисник се бара да даде согласност со “**Генералните Услови за користење на услугите на isrm.gov.mk**“, без кои регистрацијата не е возможна.

Со регистрацијата корисникот креира свој профил во системот на ИСРМ. Еднаш регистриран корисникот потоа само се најавува преку делот за “Повторен корисник“ и воедно може да го употреби својот профил (корисничко име/лозинка) за користење на другите веб услуги на isrm.gov.mk.

© ИСРМ , Сите права задржани, Издание 1, 2014-11-17




По регистрацијата корисникот може проектите кои се вчитани во системот и дадени под фаза 40.20 или 50.20 да ги пребара по неколку критериуми: Број на стандард, ИСРМ Технички комитет, или доколку не е сигурен за ниедно од наведените може да се пребара преку ICS бројот (Меѓународна класификација за стандарди) или бројот за Подсектор (Subsector). Линкот преку кои може да пристапите до листата на проекти на јавна расправа е “**[видете ги сите проекти (prМКС) на јавна расправа]**“



**Гласање и Постапка на коментирање**

Водејќи грижа за заштита на интелектуалната сопственост во системот е оневозможено копирање на текстот, односно на корисникот му е даден пристап до “**Заштитена веб платформа - Protected web platform**“. Со други зборови проектите се заштитени и можат само да се видат односно читаат без да може да се пресними, копира или печати нивната содржината.

ИСРМ ќе води грижа да сите нацрти кои се во реална јавна расправа како на национално така и на европско ниво се во системот и достапни се за коментари во рокот предвиден за таа цел. Рокот предвиден од ИСРМ кој се однесува за превземените европски и/или меѓународни нацрти ќе е нешто пократок од оној предвиден на европско и меѓународно ниво. Со ова им се овозможува и им се остава доволно време на соодветните ИСРМ Технички комитети да ги разгледаат пристигнатите коментари и врз основа на истите донесат одлука која е одраз на усогласен национален став, кој како таков се препраќа на меѓународно и европско ниво за понатамошно одлучување.

Со избор на референтната ознака односно “број на стандард“ (на пример: prМКС EN 1993-1-2:2012/HA:2014) пристапувате до прозорецот каде имате можност за увид во содржината на проектот “**Види документ**“, гласање со избор на одговор од паѓачкото мени на понудените прашања и потврда со кликнување на полето “**Гласај**“, и соодветно поднесување на коментар користејќи ја “**Формата за коментари**“.




© ИСРМ , Сите права задржани, Издание 1, 2014-11-17 

Последните измени во процесот на јавна расправа чија цел е генерално намалување на потребното време за изработка на стандардите го наметнаа прашањето на интегрирано спроведување на две фази:

- поднесување на коментари од техничка и уредувачка природа и сознанија за евентуални отстапувања (јавна расправа по содржината на нацрт текстот – фаза 40.20) и
- формално одобрување на проектот (гласање – фаза 50.20).

Овој чекор е претставен преку дадените прашања во процесот на гласање и дополнително поднесување на коментар-и а во зависност од интересот и задолжителноста од оправдување на ставот на секоја заинтересирана страна со образложение кое е дадено преку потребните коментари.
Во продолжение сметаме дека е потребно за нужно да дадеме објаснување на прашањата поврзани со соодветните отстапувања (девијации): Национално законодавство/ Административна А-девијација (отстапување) и Техничка или B-девијација (отстапување). По дефиниција истите претставуваат:
**А-девијација** национално отстапување од некој Европски стандард (и Документ за хармонизација за CENELEC) поради регулативи чија измена моментално е надвор од надлежностите на националната членка на европските тела за стандардизација CEN/CENELEC.
**Б-девијација** национално отстапување од некој Документ за хармонизација поради конкретни технички барања, дозволено во текот на одреден преоден период (само за проекти од CENELEC).
**Техничко отстапување (девијација)** (од меѓународен и европски стандард во национален стандард) било која разлика помеѓу техничката содржина на меѓународниот и европскиот стандард и техничката содржина на националниот стандард.

Причините за горенаведените отстапувања може да се најдат во следното. Стандардите генерално се одраз на најдобрите практики и искуство на индустријата, истражувачите, потрошувачите и регулаторите во светот, и оттука тие претставуваат еден од најважните основи за отстранување на техничките бариери во трговијата. Ова е експлицитно признаено во Договорот за технички бариери во трговијата на Светската трговска организација (СТО ТБТ Спогодба).
Притоа важно е да се направи секаков напор меѓународните и европските стандарди да се усвојат и користат како национални стандарди и следствено, да се повлечат конфликтните национални стандарди што е можно поскоро, заради причините наведени погоре. Само преку развивање глобален пристап може придобивките на стандардизацијата да бидат целосно реализирани. Сепак, потполно усвојување и имплементација не секогаш е изводливо во сите случаи од причини како што се националната безбедност, заштита на здравјето или заштитата на животната средина, или поради основните климатски, географски и технолошки разлики и проблеми или поради пречки кои произлегуваат од националната легислатива. Договорот на СТО ТБТ признава дека овие се легитимни причини за регионални или национални отстапувања (девијации).

Со завршување на процесот на гласање и поднесување коментари подносителот добива е-маил известување автоматски генерирано од ИСРМ системот, како потврда за неговата активност.
Воедно Ви препорачуваме за подетален опис на постапката за јавна расправа да го погледнете ИСРМ видео Упатството “Вашиот коментар во неколку чекори - Упатство за коментари кон содржината на нацрт македонските стандарди - *видео едиција“.*

На крај, свесни за значењето и комплексноста на процесот на јавна расправа напоменуваме дека за секој детал и чекор од овој процес Ви стоиме на располагање. За сите дополнителни информации и појаснувања Ве молиме обратете се на isrm.info@isrm.gov.mk

© ИСРМ , Сите права задржани, Издание 1, 2014-11-17